**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

# *Е Л А Б О Р А Т*

**ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ПО „КРИМИНАЛИСТИКА И ДЕТЕКТИВИ“ - ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ-ПОСТДИПЛОМСКИ ЕДНОГОДИШНИ СТУДИИ (60 ЕКТС) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ МУС**




**ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ**

**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

**СТРУГА, НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Високото образование се соочува со големи предизвици на длабоки реформи ширум светот кои резултираат од брзиот развој на новите информациони и телекомуникациски системски технологии, огромниот напредок на науката и развојот на разновидните академски дисциплини.

Живееме во време кога правото, дипломатијата, меѓународните односи, економијата, бизнисот, маркетингот, финансиите и компјутерските науки и технологии заземаат централно место во светскиот развој. Без сомнение, оваа проблематика делумно се изучува и во некои од постојните Универзитети (Правно – Политичките и Економските Факултети), но не така систематизирано како што се изучува на Меѓународниот Универзитет во Струга, при што посебно внимание се посветува на правосудството, безбедноста, дипломатските односи на централно и на локално ниво, како и на економскиот развој на државата и развојот на компјутерските науки и технологии.

Целите и задачите на Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународиот Универзитет во Струга, главно се детерминирани од внатрешните процеси и реформи на македонскиот образовен систем гледано во поширок, општествен контекст, како и од европските и светските движења и реформи на високото образование. Оттука, главната определба на Факултетот за Правни науки, е да биде современа, европски и меѓународно ориентирана високообразовна установа, која е вклучена во европскиот високообразовен простор на знаење.

Главна задача на Факултетот за Правни науки е создавање на високостручни и креативни кадри, кои ќе можат своето знаење и труд да го ефектуираат во развојот и унапредувањето на општеството, како и да се вклучат во европскиот пазар на трудот. Затоа, целта на Факултетот за Правни науки е да создава амбиент на соработка и почитување на студентите, при што нивното образование и напредување, како и развивањето на нивните креативни способности, ќе биде основна грижа и главна задача на академскиот кадар на Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга. Присуството и влијанието на студентите ќе биде обезбедено низ целиот образовен процес, со континуирано следење и бележење на резултатите во совладувањето на знаењата, преку перманентен контакт со наставниците.

Истовремено, Факултетот за Правни науки настојува да придонесува и во градењето и креирањето на граѓанско општество, образувајќи ги и подготвувајќи ги младите луѓе за делување и живеење во едно демократско и современо општество.

На патот на создавање на европски тип на Универзитет, една од главните заложби на Факултетот за Правни науки, е дизајнирањето на студиски програми, во контекст на постојните општествени односи и на европските и светски тенденции за развој, кои ќе бидат компатибилни со студиските програми на европските Универзитети и на Универзитетите ширум светот. Во рамките на модернизацијата на студиските програми е

и воспоставувањето на кредит трансфер системот, кој овозможува студентска мобилност и размена, со прифаќање и признавање на студиските програми.

Сакајќи да чекори кон европската култура и знаење, заложбите на Факултетот за Правни науки, се во насока на остварување на целите на Болоњската декларација, како што е развивањето на европскиот кредит трансфер систем, промовирањето на слободно движење на студентите и непречено вклучување за студирање во другите образовни системи, мобилност на наставниот и соработничкиот кадар, развој на меѓуинституционалната соработка со останатите факултети и друго.

Студиските програми од прв и втор циклус на студии кои ги нуди Меѓународниот Универзитет во Струга во рамките на своите единици во состав, неминовно е да се надополнат, надоградат и усогласат со новите одредби од Законот за високото образование, како и со новите трендови во структурирањето на студиските програми на универзитетите на европско и светско ниво. Поради тоа, Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга ја предлага студиската програма од втор циклус на студии по „Криминалистика и детективи“ за акредитација со цел и понатака да едуцира и оформува кадри за самостојно вршење на научно-истражувачка дејност во сферата на наведените општествени науки.

Притоа се тргнува од фактот дека, високото образование има клучна улога во отварањето на нови видици и во поттикнувањето на промени и развој на правниот, политичкиот, економскиот и технолошкиот развој на општеството. Впрочем, ниедна земја не може да обезбеди вистински еволутивен и одржлив развој без квалитетно високо образование и квалитетни високообразовни установи кои своите ориентации ги темелат на општествените цели и потребите на пазарот на трудот. За таа цел Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга (МУС) воспостави широка соработка со национални и меѓународно познати и признати Универзитети и Институции, со цел да обезбеди најквалитетни студиски програми, најдобри искуства и најдобри можности за своите студенти.

Факултетот за Правни науки пополнува една евидентна празнина во високо образовниот систем на Република Северна Македонија. Поради тоа, убедени сме дека оваа високо образовна институција ќе придонесе за исполнување на очекувањата на општеството од една страна и на идните студенти од друга страна.

| **Прилог бр.2а** | **Задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од вториот циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Карта на високообразовната установа | **Стр. 7** |
| 1а. | Општи дескриптори на квалификации за секој циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации | **Стр. 12** |
| 1б. | Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации | **Стр. 13** |
| 2. | Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно- научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа | **Стр. 15** |
| 3. | Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа | **Стр. 18** |
| 4. | Научно- истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма | Согласно Фраскатиевата класификација доставени се следните информации:<br>Студиска програма по „Криминалистика и Детективи“:<br>1. Научно – истражувачко подрачје: Општествени науки (5)<br>2. Научно – истражувачко поле: Правни науки (508)<br>3. Научно – истражувачка област: 50800-50835<br><br>**Стр. 21** |
| 5. | Вид на студиската програма (академски или стручни студии) | **Стр. 21** |
| 6. | Степен на образование (прв и втор циклус) | **Стр. 21** |
| 7. | Цел и оправданост за воведување на студиската програма | Дадено е образложение за целта и оправданоста за акредитирање на студиската програма на<br>**Стр. 22** |
| | Мислење од одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултетот на Правни Науки при МУС. | |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Години и семестри на траење на студиската програма | 1 година, односно 2 семестри<br>Втор циклус<br>**Стр. 22** |
| 9. | ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот | 60 ЕКТС кредити на втор циклус<br>**Стр. 22** |
| 10. | Начин на финансирање, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма | **Стр. 24** |
| 11. | Услови за запишување | Дефинирани се услови за запишување на студентите<br>**Стр. 24** |
| 12. | Информации за продолжување на образованието | **Стр. 25** |
| 13. | Утврден соодност меѓу задолжителните и изборните предмети со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите | **Стр. 25** |
| 14. | Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма | Доставени се информации за просторот<br>**Стр. 30** |
| 15. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | Доставена е листа на опрема<br>**Стр. 37** |
| 16. | Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник (Прилог бр. 3) | Доставени се предметни програми<br>**Стр. 42** |
| 17. | Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 од овој правилник (Прилог бр. 4) | Доставен е список на наставен кадар. Доставени се М1/М2 обрасци за наставниците (Прилог бр. 3 )<br>**Стр. 69** |
| 18. | Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма | Изјави од предвидените наставници за реализација на студиската програма (Анекс ..)<br>**Стр. 120** |
| 19. | Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма | **Стр. 122** |
| 20. | Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма | **Стр. 127** |
| 21. | Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | Доставена е информација за задолжителна и дополнителна литература во рамките на |

| | | |
|---|---|---|
| | | описот на секоја предметна програма **Стр. 128** |
| 22. | Информација за веб страница | **www.iust.edu.mk** **Стр. 129** |
| 23. | Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар | **Стр. 129** |
| 24. | Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма | **Втор циклус на студии:** Магистер по правни науки од областа на Криминалистика и детективи (60 ЕКТС) **Стр. 144** |
| 25. | Обезбедена меѓународна мобилност на студентите | **Стр. 145** |
| 26. | Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата | Образложени се активностите и механизмите за развој и одржување на квалитетот на наставата **Стр. 146** |
| 26а. | Резултати од изведената самоевалуација согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во Република Северна Македонија и од Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија (Скопје -Битола, септември 2002). | Извештај за самоевалуација на Меѓународниот Универзитет во Струга (за периодот 2019-2022), **Стр. 149** **Прилог бр. 2** |
| | Прилог бр. 4 ОБРАЗЕЦ ОД ДОДАТОК НА ДИПЛОМА | **Стр. 191** |

## 1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Меѓународен Универзитет во Струга |
| Седиште | Нас. Езерски Лозја бр. 1, Струга |
| Вид на високообразовната установа | Приватна високообразовна установа |
| Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа) | Еуро Колеџ ДОО 2007 – Струга |
| Податоци за последната акредитација | 1. Решение за акредитација на студиска програма "Економија и бизнис", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-352/14 од 23.03.2021 година)<br>2. Решение за акредитација на студиска програма "Економија и бизнис", втор циклус на академски студии-постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-352/13 од 24.02.2021 година)<br>3. Решение за акредитација на студиска програма "Финансии и маркетинг", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-353/16 од 20.05.2021 година)<br>4. Решение за акредитација на студиска програма "Финансии и маркетинг",втор циклус на академски студии-постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-353/17 од 20.05.2021 година)<br>5. Решение за акредитација на студиска програма "Криминалистика и Детективи", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за Правни науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-355/16 од 01.06.2021 година)<br>6. Решение за акредитација на студиска програма " |

| | |
|---|---|
| | Криминалистика и Детективи ",втор циклус на академски студии-постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за Правни науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-355/17 од 01.06.2021 година)<br>7. Решение за акредитација на студиска програма "Правосудни студии", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за Правни науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-354/10 од 18.08.2021 година)<br>8. Решение за акредитација на студиска програма "Правосудни студии", втор циклус на академски студии-постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за Правни науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-354/11 од 18.08.2021 година)<br>9. Решение за акредитација на студиска програма "Дипломатија и Меѓународни односи", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за Политички науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-356/13 од 20.01.2021 година)<br>10. Решение за акредитација на студиска програма "Дипломатија и Меѓународни односи", втор циклус на академски студии- постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за Политички науки при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-356/11 од 11.12.2020 година)<br>11. Решение за акредитација на студиска програма "Компјутерски науки", прв циклус на академски студии- додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за Информатичка технологија при Меѓународен Универзитет во Струга (арх.бр.1409-357/10 од 18.03.2021 година)<br>12. Решение за акредитација на студиска програма "Бизнис Информатика", втор циклус на академски студии-постдипломски студии (120 ЕКТС) на Факултет за Информатичка технологија при Меѓународен Универзитет во |

| | |
|---|---|
| | Струга (арх.бр.08-194/6 од 24.02.2021 година) |
| Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација | Општествени науки и Техничко-технолошки науки |
| Единици во состав на високообразовната установа | Во состав на Меѓународниот Универзитет во Струга се 6 единици и тоа:<br>1. Факултет за Економски науки<br>2. Факултет за Правни науки<br>3. Факултет за Политички науки<br>4. Факултет за Информатичка технологија<br>5. Институт за економски развој и еколошки менаџмент<br>6. Институт за европијанистика и меѓународна политика |
| Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и студиска/и програма/и | 1. Криминалистика и детективи – Додипломски прв циклус (180 ЕКТС)<br>2. Криминалистика и детективи – Магистерски втор циклус (120 ЕКТС)<br>3. Правосудни студии – Додипломски прв циклус (180 ЕКТС)<br>4. Правосудни студии – Магистерски втор циклус (120 ЕКТС) |
| Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите | Меѓународниот Универзитет во Струга (МУС) интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка преку склучување на нови договори за академска соработка, како и преку продлабочување на соработката со веќе постоечките партнер-универзитети. **Мобилноста на наставниците и студентите** се остварува преку Еразмус + програмата, но и преку договорите за билатерална академска соработка, кои Меѓународниот Универзитет во Струга ги има склучено со универзитети од различни земји во светот. Преку проектот ERASMUS + Меѓународниот Универзитет во Струга досега има испратено на студентска размена десетици студенти и многубројни наставници. Мобилноста исто така се остварува и преку договорите за билатерална академска соработка. Преку новиот добиен проект Еразмус + активен од 2021 година со бр. на договор 2021-1-MK01-KA131-HED-000005460 на Меѓународниот Универзитет во Струга престојуваа наставници и членови на академски кадар од еминентни европски универзитети. Меѓународниот Универзитет во Струга го посетија голем број на членови на академски и административен кадар од врвни европски универзитети. Истовремено, веќе се склучени |

| | |
|---|---|
| | дополнителни договори наставници кои во текот на наредните неколку месеци ќе ја реализираат својата мобилност на Меѓународниот Универзитет во Струга. Покрај академски и административен кадар, МУС преку програмата Еразмус + има примено и студенти, кои во моментот ја реализираат својата мобилност на Меѓународниот Универзитет во Струга. Покрај преку Еразмус + програмата, Меѓународниот Универзитет во Струга прима наставен кадар и студенти на размена и преку билатералните договори за академска соработка. Предавања на Меѓународниот Универзитет имаат одржано наставници од реномирани Европски и светски универзитети (Универзитетот Рома ди Сапиенца, Универзитетот од Сзегед, Британскиот институт за технологија, Florida Southern College, и други). Голема меѓународна активност со поддршка на универзитетот, покажуваат и студентските организации кои функционираат во рамките на МУС, преку организација на **студентски конференции, твининг проекти и различни типови на студентска и научно истражувачка размена.** |
| Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност | *Податоците се однесуваат за севкупниот простор на Меѓународниот Универзитет во Струга<br>1. Вкупна површина (бруто простор)<br>(простор за изведување настава и дворна површина) ................ 11000 m2<br>2. Вкупна површина на просторот за изведување на настава (нето простор) ................ 3900.96 m2<br>3. Број на амфитеатри со вкупен број на седишта ................ 4 со вкупен број на седишта 375<br>4. Број на предавални со вкупен број на седишта............. 16 со вкупен број на седишта 548 |
| Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност | *Податоците се однесуваат за севкупниот простор на Меѓународниот Универзитет во Струга<br>1. Број на компјутерски училници со капацитет на компјутерски работни места ...........<br>4 училници со вкпно раб.места 120<br><br>2. Опрема за вршење високообразовна дејност<br>Вредност на опремата...................... 18.125.470,00 ден. |
| Број на студенти за кој е добиена акредитацијата | *Податоците се однесуваат за севкупниот број на студенти на Меѓународниот Универзитет во Струга<br>Број на студенти ..................2140 |
| Број на студенти (прв пат запишани | На прв циклус на сите студиски програми 246 |

| | |
|---|---|
| во 2022/2023) | студенти<br>На втор циклус на сите студиски програми _143 студенти |
| Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | Структура на наставничкиот кадар по наставно научни, наставни и соработнички звања<br>Редовни професори 7<br>Вонредни професори 5<br>Доценти 9 |
| Број на лица во соработнички звања | Структура на соработнички кадар по наставно научни, наставни и соработнички звања<br>Асистент – докторант 4<br>Асистент _5 |
| Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | За организација и реализација на студиите од прв и втор циклус надлежни се: Наставно - научниот совет на единиците на Универзитетот и Ректорската Управа и Сенатот на Универзитетот.<br>Наставно - научниот совет ги обавува задачите предвидени во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на МУС и тоа:<br>- ја координира работата во врска со студиите од прв и втор циклус на ниво на единици на Универзитет,<br>- дава мислење за студиските програми на првиот и вториот циклус на студии,<br>- го утврдува нацрт конкурсот за упис на студенти на прв и втор циклус на студии,<br>- го утврдува предлогот за бројот на студенти и износот на школарина кофинансирање и истиот го доставува до Ректорската управа на Универзитетот,<br>- дава предлози за организирање заеднички (интердисциплинарни ) студии од прв и втор циклус на ниво на Универзитет,<br>- врши други работи поврзани со организацијата и кординацијата на студиите од прв и втор циклус.<br>Квалитетот на програмата се мониторира преку:<br>1. Самоевалуација од страна на Комисија за самоевалуација.<br>2. По завршување на наставната програма по секој предмет се спроведува анонимна студентска евалуација (анкета) за наставните програми и наставниците. |
| Фреквенција на самоеваулационото процес | На три години |
| Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | 2016 година |

**1а. ОПШТИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ВТОР ЦИКЛУС ЕДНОГОДИШНИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС), СТУДИСКА ПРОГРАМА ПО КРИМИНАЛИСТИКА И ДЕТЕКТИВИ, СОГЛАСНО СО УРЕДБАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ**

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | Високо образование | Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации |
|---|---|---|
| VII/A | Втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) | 7 |

| | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди.<br>Покажува знаење и разбирање во полето на правните науки, како и совршено познавање на методи и вештини за истражување на различни правни и криминални дејства и активности, во насока на успешно решавање на истите. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет од областа на правосудството и криминалистиката.<br>Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации.<br>Истражувањата се направени во областа на правосудството, криминалистиката и безбедноста. |
| Способност за проценка | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка на определени правно сложени ситуации и состојби.<br>Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет од областа на правосудството, криминалистиката и безбедноста.<br>Способност за независно иницирање на истражувачки и равојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле во правосудството, криминалистиката и безбедноста. |
| Комуникациски вештини | Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза, односно во рамките на правосудството и безбедносниот систем. |
| Вештини на учење | Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење. |

**1б. СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ВТОР ЦИКЛУС ЕДНОГОДИШНИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС), СТУДИСКА ПРОГРАМА ПО КРИМИНАЛИСТИКА И ДЕТЕКТИВИ, СОГЛАСНО СО УРЕДБАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Препознава, разбира и помни добро воспоставени начела во полето на правните науки и безбедноста.<br>Опишува и расправа за клучни аспекти и концепти во областа на правото и следи тековни истражувања и развој.<br>Покажува знаење и разбирање во полето на правните науки, како и совршено познавање на методи и вештини за истражување на различни правните проблеми, во насока на успешно решавање на истите. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Знаењето може да го примени за развој на проекти и анализирање на процеси, методи и резултати во областа на правните и криминалистичките истражувања.<br>Лоцира, формулира и решава основни проблеми во областа на правните науки, криминалистиката и безбедноста, како и покажува способност да толкува, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет од областа на праните науки.<br>Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации.<br>Истражувањата се направени во областа на правосудството, криминалистиката и безбедноста. |
| Способност за проценка | Способен е да процени на каков најдобар можен начин и во која фирма или институција може да ги примени стекнатите теоретски знаења од областа на правните науки, криминалистиката и безбедноста.<br>Способен е за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени појави и проблеми, имајќи компетенции за проценка на определени правно сложени ситуации и состојби.<br>Прави соодветна проценка при примена и оценување на знаење од клучно значење во областа на правнит науки, земајќи ги предвид соодветните лични, општествени, научни или етички аспекти.<br>Способен е за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет од областа на правото, криминалистиката и безбедноста.<br>Способен е за независно иницирање на истражувачки проекти,преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле во правото, криминалистиката и безбедноста. |
| Комуникациски вештини | Комуницира ефективно преку пишани извештаи и усни презентации, користејќи соодветна правна терминологија.<br>Споделува и расправа за концепти и идеи со своите колеги, поширока |

| | |
|---|---|
| | академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза, односно во рамките на правосудството, криминалистиката и безбедноста.<br>Способен е за тимска работа и активна соработка во рамките на група, преку споделување на одговорности и задачи. |
| Вештини на учење | Ги идентификува потребите за понатамошно професионално унапредување.<br>Редовно ги следи и учествува во најновите научни текови во правните науки, како што се научни трудови и списанија, учество на семинари, конференции итн.<br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење. |

## 2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА (ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ-СТРУГА), ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА.

Врз основа на член 87 став 1 и член 88 од Законот за Општа Управна Постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124 од 23.07.2015 година), како и врз основа на член 145 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) и член 201 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки, на седницата одржана на 24.10.2022 година ја донесе следната:

Архивски знак / Shenja Arkivore: 0301
Рок на чување / Afati i ruajtjes: Трај
24.10.22 Потпис/Nënshkrim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 09-460/3
24.10. 20 22 г.v.
СТРУГА-STRUGË

### ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

**За усвојување на Елаборатот за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за акредитација на студиската порграма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС.

**Член 2**

Елаборатот за акредитација на студиската програма од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Криминалистика и детективи" е во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на истата, до Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Струга, 24.10.2022**

**Декан**

**Доц. Д-р Дритон Харуни**

## 3. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02-497/2
08.11. 2022 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Врз основа на член 87 став 1 и член 88 од Законот за Општа Управна Постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124 од 23.07.2015 година), како и во согласност со член 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 82/18) и член 201 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, а по предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот за Економски науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струг, Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 08.11.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Елаборатот за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС**

**Член 1**

Универзитетскиот Сенат го усвојува Елаборатот за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии - постдипломски студии на Факултетот за Правни науки, научно подрачје општествени науки, поле правни науки.

Предлагач и организатор на програмата е Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 2**

Универзитетскиот Сенат го упатува Елаборатот од член 1 на оваа Одлука до Агенцијата за квалитет на високото образование и Одборот за акредитација на високото образование на Р. Северна Македонија, на натамошна постапка за акредитација. Елаборатот во печатена и електронска форма до Агенцијата за квалитет на високото образование и Одборот за акредитација на високото образование на Р. Северна Македонија, се доставува од страна на Меѓународниот Универзитет во Струга, односно Факултетот за Правни науки во негови рамки како – предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа одлуката стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во Универзитетскиот Билтен.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на истата, до Сенатот на Универзитетот.

Струга, 08.11.2022

**Претседател на Сенат**
**Проф. д-р Емин Усеини**

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ, КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

**Студиска програма: Криминалистика и детективи**

Според Меѓународната стандардна Класификација на образованието (МСКОБ 1997), како и Класификацијата научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, студиската програма припаѓа на следниве научни полиња, подрачја и области:

| | |
|---|---|
| **Научно-истражувачко подрачје** | **Општествени науки (5)** |
| **Научно-истражувачко поле** | **Правни науки (508)** |
| **Научно-истражувачка област** | **Криминологија (50826)** |

## 5. ВИД НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА (ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ-ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС)

Студиската програма по Криминалистика и детективи односи се организира од страна на Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга како втор циклус на академски студии -постдипломски студии (60 ЕКТС).

## 6. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ (ВТОР ЦИКЛУС)

Студиската програма по **Криминалистика и детективи** се организира од страна на Факултетот за правни науки во Струга (МУС), како втор циклус на образование според моделот 4+1. Според националната рамка на високообразовните квалификации припаѓа на втор циклус на академски студии - постдипломски студии 60 кредити.

Оваа студиска програма е целосно заснована на начелата на Болоњската декларација и има за цел да едуцираат и оформи кадри за самостојно вршење на научно-истражувачка дејност и решавање на прашања и ситуации во сферата на правните науки. Студиската програма има теоретски и апликативни содржини. Само со нивно истовремено совладување можат да се остварат целите на едукацијата.

Со завршувањето на вториот циклус на студии на Факултетот за Правни науки студентот се стекнува со академски и научен назив **Магистер по правни науки од областа на Криминалистика и детективи (60 ЕКТС).**

## 7. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Предложената студиска програма за втор циклус на студии во овој елаборат произлегуваат од потребите на Република Северна Македонија за високообразовани кадри во сферата на правото, криминалистиката и безбедноста како и од обврската на високообразовните установи на Република С. Македонија своите дејности и активности да ги усогласат со обврските од Болоњска декларација за високото образование, како еден од условите за приклучување на државата кон Европската Унија. Цел на студиската програма ќе биде современ наставно-образовен процес и мобилност на студентите на втор циклус на студии на Македонскиот и Европскиот академски простор. Студиската програма на втор циклус на студии на Факултетот за Правни науки е креирана според Болоњските стандарди за организирање на високообразовниот процес согласно со определбите на ЕКТС.

Целта на оваа студиска програма е да овозможи двостепеност на наставата; воведување семестрална настава и кредитен систем; афирмација на практичната и истражувачката работа со студентите; континуирано оценување; испитни сесии, истражувања, семинари и слично. Сите предлози во врска со студиската програма и предметните програми се понудени според предвиденото ниво на студирање (втор циклус на студии во траење од 1 година).

Оваа програма подразбира проширување и продлабочување, т.е. диференцирање на образованието во рамките на правните студии.

Студиската програма Криминалистика и детективи на студентите ќе им овозможи:

Да стекнат основни познавања на концептите и на прашањата од областа на криминалистиката и безбедноста.

Да развијат вештини за употреба на соодветната терминологија и на соодветните концепти од областа на криминалистиката и безбедноста.

Да идентификуваат и да анализираат проблеми поврзани со криминалистиката и со безбедноста.

Да бидат во состојба критички да ги анализираат концептите и поимите.

Да стекнат посебни вештини и познавања од практична важност за нивната понатамошна кариера во областа на криминалистиката и безбедноста.

Да изберат и да применат соодветна рамка од соодветната областа за да ги решат проблемите применувајќи соодветни техники.

Да го интегрираат знаењето акумулирано во организацијата во функција на донесување одлуки.

Ефективно да ги пренесуваат решенијата и сознанијата.

Да ги развиваат личните способности за комуникација, истражување, анализа, а кои се потребни за вработувања на дипломираните студенти по оваа програма.

Да се развива повеќејазична настава преку промовирање на меѓуетничкиот и меѓукултурниот дијалог.

За изведување на програмата е вклучен академски кадар од МУС, како и од универзитетите во регионов: Тирана, Приштина итн. За реализација на студиската програма е планирано и ангажирање на визитинг-предавачи од универзитетите со кои соработува МУС, во контекст на мобилноста во Заедничкиот европски простор на високото образование (ЗЕПВО), а базирано врз принципите на Болоњската декларација.

По завршување на постдипломските студии, студентите треба:

- развивање на вештините на критичко мислење кај студентите, како и вештините на аналитичко решавање на проблеми;
- подготовка на академски кадар за потребите на Факултетот, другите единици на Меѓународниот Универзитет во Струга, како и другите јавни и приватни високообразовни институции во Република Северна Македонија и регионот;
- зајакнување на институционалниот капацитет на законодавната, извршната и судската власт, првенствено во контекст на потребите на евро-интегративниот процес на Република Северна Македонија;
- зголемување на вработливоста на идните дипломирани правници и магистри по правни науки преку широка понуда на современи и релевантни студиски програми, ориентирани кон потребите на динамичниот пазар на работна сила и
- продуцирање квалитетни човечки ресурси, подготвени да одговорат на предизвиците на правниот и деловниот сектор, медиумите, невладините организации и другите институции и организации.

- Да имаат напредно познавање за криминалистичката техника и тактика.
- Да имаат напредни знаења за предметот на изучување, како и за одделни концепти специфични за криминалистичката техника и за криминалистичката тактика.
- Да имаат свое критичко мислење како идни експерти по Криминалистика и детективи
- Да бидат во состојба да вршат анализи и истражувања за настани релевантни за криминалистичката техника и тактика.
- Да стекнат одредени вештини од криминалистичката техника и тактика неопходни за нивната понатамошна кариера.
- Да имаат способност за презентирање резултати од истражување, за работа во тим и за дебата.
- Да бидат во состојба теоријата да ја применат во практични случаи во реалниот живот.

Наставната програма Криминалистика и детективи се базира врз основа на соработка со повеќе од 50 унивезитети во склоп на Ерамзус+ програмата и меѓународна соработка за размена на искуства, знаења, академски кадар и студенти. Воглавно акцентот на усогласување и базирање на студиската програма е во склоп на студистките програми на Факултетот за Правни Науки при University Fernando Pesoa (Португалија), University Rey Juan Carlos (Шпанија). Горенаведените се примери за слични студиски програми, што се реализираат на единствениот европски простор за високо образование.

**Мислење од одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултетот на Правни Науки при МУС.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBETAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02 - 434/2
30.09. 2022 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0206
Рок на чување / Afati i ruajtjes 3г
30.09.22 г.N.

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование на Р. Северна Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 3 од Правилникот за поблиските критериуми и надлежности на Одборите за соработка и доверба со јавноста (Сл. Весник на РМ бр. 148/2013), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга, на седницата одржана на 30.09.2022 го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

Студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга има општествена оправданост за акредитација поради тоа што Струшкиот регион во кој е лоциран Факултетот за Правни науки е од посебно геостратешко значење за Југозападниот плански регион, од аспект на поврзаноста на овој регион со соседна Р. Албанија преку копнен и воден пат, како и можноста за движење на различни криминални групи во пограничниот појас. Имено, близината и поврзаноста на градот Струга со соседна Р. Албанија преку граничниот премин „Ќафасан", несомнено ја налага потребата од дополнителен стручен кадар од областа на Криминалистиката и детективството во борбата со организираниот криминал и спречувањето на истиот. Освен тоа, фактот дека градот Струга е познат туристички центар во Р. Северна Македонија, дополнително укажува на потребата од соодветен стручен кадар кој ќе се грижи за сигурноста и безбедноста на туристите во текот на туристичките сезони. Сметаме дека акредитацијата на студиската програма од втор циклус на академски студии по „Криминалистика и детективи" уште повеќе ќе придонесе за зголемување на бројот и квалитетот на стручните кадри потребни за поддршка и унапредување на сигурноста и безбедноста на регионот.

Поради сето ова, Одборот за соработка и доверба со јавноста, формиран на Факултетот за Правни науки при МУС, дава **позитивна ПРЕПОРАКА** за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС и нејзино проследување до Сенатот на МУС, Агенцијата за квалитет во високото образование и Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија.

Струга, 30.09.2022

Факултет за Правни Науки
Одбор за соработка и доверба со јавноста
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Доц. Д-р Шемсије Демири

## 8. ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиите што се организираат на Факултетот за Правни науки како втор циклус на академски студии се во времетраење од една година (односно два семестри), а се спроведуваат врз основа на студиски и предметни програми.

Согласно законската регулатива за изведување настава на високобразовните институции во Република Северна Македонија, академската година на Факултетот за Правни науки започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и поделена е на два семестри.

## 9. ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Студиската програма на Факултетот за Правни науки е организирана според Европскиот кредит-трансфер систем што значи дека студентот за секој предмет добива одреден број на кредити во зависност од квалитетот и квантитетот на работата на студентот во текот на академската година. Условите што треба да ги исполни студентот за успешно завршување на предметната програма ги утврдува самиот факултет, во договор со носителите на соодветна предметна програма.

***Студиите од втор циклус се состојат од:***

- полагање на задолжителни предмети и изборни предмети кои се предвидени со студиските програми на прв и втор циклус на студии,
- реализација на научноистражувачка работа под раководство на тутор,
- научноистражувачки активност, како и престој и мобилност во други домашни и странски универзитети
- активности кои се поврзани со презентации на научноистражувачките резултати на домашни и меѓународни научноистражувачки и студентски конференции, пишување на научни публикациии и др.

Силната страна на овој концепт на постдипломски студии е големата важност која се придава на научно-истражувачката компонента, како и поврзаноста на овие студии со странските универзитети и истражувачки центри и големата соработка со стопанството во Република Северна Македонија, како и потполното структурно и организациско приспособување на Болоњскиот процес.

Со завршување на едногодишните студии од втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) на студиската програма по **Криминалистика и детективи**, **организирана на Факултетот за Правни науки при (МУС), студентите стекнуваат 60 ЕКТС.**

## 10. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ, А ЗА ПРИВАТНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ И ДОКАЗ ЗА ОБЕЗБЕДЕНА КВАЛИТЕТНА ФИНАНСИСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Со оглед на просторот, опремата и бројот на наставниот кадар, Факултетот смета дека 80 студенти е оптимален број на студенти кои можат да се запишат на предложените студиски програми. Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга, во чии рамки спаѓа и Факултетот за Правни науки, секоја учебна година го утврдува износот на

финансиските средства потребни за следење на наставата и бројот на запишани студенти. Во интерес на своите студенти, Универзитетот ќе одреди прифатлива и реална цена на студиите.
**Финансирањето на студиската програма може да се обезбеди на повеќе начини:**

- Самостојно,
- Годишна партиципација од студентите во износ од 1200 евра (во денарска противвредност) и,
- Други приходи од домашни и меѓународни институции

Во однос на обезбедувањето на финансиска гаранција, Меѓународниот Универзитет во Струга до Министерството за образование и наука има доставено уредна хипотекарна гаранција изработена врз основа на Имотен лист. Имотната проценка ви ја доставуваме во прилог.

## 11. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Запишувањето на студенти на студиската програма на втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) по **Криминалистика и детективи** се врши според актуелните конкурсни услови и препораките на Министерството за образование и наука. Запишувањето на студиите се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Универзитетот согласно законската регулатива.

Универзитетот ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидитет, сексуална ориентација и возраст.

Универзитетот ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекција и избор на кандидатите за упис. Условите за запишување ги исполнува и лицето кое завршило образование во странство според еднаква студиска програма. Еднаквоста на студиската програма се оценува според утврдена процедура на Универзитетот во согласност со државните органи.

Конкурсот покрај условите и критериумите за упис содржи и: број на студенти, постапка за спроведување, рокови за пријавување, полагање и запишување.

## 12. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

По завршувањето на првиот циклус универзитетски студии, студентот може да го продолжи образованието на втор циклус студии. По завршувањето на вториот циклус на студии универзитетски студии, студентот може да го продолжи образованието на трет циклус на студии.

## 13. УТВРДЕН СООДНОС МЕЃУ ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ И ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ СО ЛИСТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ, ЛИСТА НА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ И ДЕФИНИРАН НАЧИН НА ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИТЕ

Согласно новиот Закон за високото образование објавен во Службен весник бр. 82/2018, предметите на вториот циклус универзитетски студии на студиската програма по **Криминалистика и детективи,** се категоризирани во следните три основни групи:

1. Задолжителни предмети кои сочинуваат 80% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.

2. Изборни предмети што студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни изборни предмети застапени на Факултетот за Правни науки. Изборните предмети сочинуваат 20% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.

**Табела 1. Утврден соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети на втор циклус на студии**

| Ред. Бр. | Група на предмети | Број на предмети | Број на кредити | % во вкупниот број на кредити на предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Задолжителни наставни предмети** | **3** | **24** | **80 %** |
| **2.** | **Изборни наставни предмети** | **2** | **6** | **20 %** |
| **3.** | **Магистерски труд** | | **30** | |
| **Вкупно** | | **5** | **60** | **100%** |

Вториот циклус на студии опфаќа вкупно 3 задолжителни предмети, кои на студентите им овозможуваат да стекнат вкупно 24 кредити. Бројот на изборни предмети кои студентите самостојно ги бираат од листата на изборни наставни предмети на дадената студиска програма, изнесува 2 изборни предмети. Изборните предмети овоможуваат стекнување на вкупно 6 кредити. Изработката и одбраната на магистерскиот труд носи 30 кредити.

Со тоа, наставната програма обезбедува стекнување на вкупно 60 кредити низ едногодишно студирање.

**Табела 2. ЛИСТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ – СТУДИСКА ПРОГРАМА КРИМИНАЛИСТИКА И ДЕТЕКТИВИ- ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС)**

| Ред.бр. | КОД | Име на предметот | Број на кредити |
|---|---|---|---|
| **1** | L215 | Јавно Обвинителство и истраги | 8 |
| **3** | E201 | Методологија на научно истражување | 8 |
| **7** | L125 | Полициско право | 8 |
| | **Вкупно** | | **72** |

Структурата на студиските програми во однос на застапеноста на задолжителните и изборните предмети е во согласност со Законот за високото образование и измените на Законот за високо образование и со Правилникот за компатибилност на МУС.
Предвидениот фонд на неделни часови за предавања, вежби и дополнителни активности по одделните предмети, исто така е во согласност со Законот за високото образование.
Во табела 3 дадена е листата на изборни предмети од Факултетот за Правни науки кои согласно важечките законски прописи учествуваат со 20% во вкупната структура на предметите на студиската програма по Криминалистика и детективи.
Од предложените предмети, во текот на студирањето, студентите треба да изберат 2 (две) предмети на втор циклус на студии.

**Табела 3. ЛИСТА НА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ – СТУДИСКА ПРОГРАМА КРИМИНАЛИСТИКА И ДЕТЕКТИВИ- ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС)**

| Ред.бр. | КОД | Име на предметот | Број на кредити |
|---|---|---|---|
| **1.** | E210 | Меѓународни економски односи | 3 |
| **2.** | L208 | Хуманитарно право | 3 |
| **3.** | L218 | Царинско право и царинска тарифа | 3 |
| **4.** | L209 | Човекови права и слободи | 3 |
| **5.** | IUS504 | Професионална комуникација | 3 |
| **6.** | P202 | Методи и техники на решавањето на конфликтите | 3 |

**Табела 4. РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО СЕМЕСТРИ – ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ -ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (60 ЕКТС)**

| **Распределба на предметите по семестри** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **IX семестар** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | **Кредити** | **Фонд на часови** |
| 1 | L204 | Полициско право | **8** | **6+0** |
| 2 | L215 | Јавно Обвинителство и истраги | **8** | **6+0** |
| 3 | E201 | Методологија на научно истражување | **8** | **6+0** |
| | | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | |
| 4 | | **Изборен предмет** | **3** | **3+0** |
| 5 | | **Изборен предмет** | **3** | **3+0** |
| | | **Вкупно кредити IX семестар** | **30** | **24+0** |
| | **X семестар** | **МАГИСТЕРСКИ ТРУД** | **Кредити 30** | |
| | | **ВКУПНО КРЕДИТИ ПЕТТА ГОДИНА** | **60** | |

## 14. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

***Податоците се однесуваат за севкупниот простор на Меѓународниот Универзитет во Струга**

При обезбедување на просторот и на опремата на Факултетот за Правни науки во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга, основачот внимаваше просторот и опремата да се во согласност со пропишаните нормативи и стандарди за вршење високообразовна дејност. Дејноста ќе се одвива во деловниот простор што Еуро Колеџ 2007 д.о.о Струга, го изгради. Овој деловен простор се наоѓа во Населбата Езерски Лозја бр. 1.

**Проф. Д-р Билјана Цигловска**

Проект: Можности за унапредување на регионалните трговски интеграции на Република Северна Македонија – Економски Институт Скопје 2011-2012

**Проф. д-р Неки Фрашери**

1. The SEEREN and SEEREN2 initiatives have established a regional network, while the regional Grid infrastructure has been created through the SEE-GRID and SEE-GRID2 projects. The SEE-GRID-SCI project contributed in empowering strategic regional user communities in common use of the eInfrastructure. HP-SEE project opens the South East European High-Performance Computing infrastructure to a wide range of new user communities, including those of less-resourced countries, fostering collaboration and providing advanced capabilities to researchers.

SEERA-EI provides an open forum for national-level programme owners in order to enable the coordination of national programmes in the field of electronic infrastructures The SEE-library constitutes a valuable resource for similar international e-Infrastructure activities. The documentation from past and current EC co-funded South East European (SEE) to share the knowledge gained during the last decade and provide input for current and upcoming efforts in the field of electronic Infrastructures around the world, is now available here: http://www.seera-ei.eu/index.php?option=com_content&view=category&id=83&Itemid=117

2. **HP-SEE 2010-2013 www.hp-see.eu**
   The project aims to develop computer infrastructure for parallel processing and relevant applications in the countries of SouthEastern Europe. In the framework of the project are identified two applications from the fields of physics (Latice calculation for elementary particles properties from Faculty of Natural Sciences, and modeling of physical fields in geological structures from the Faculty of Information Technology) that require the use of the parallel processing resources located in the Balkan region. It is also worked to promote similar applications from other science areas.

3. **EGI-InSPIRE 2009-2010**

   The EGI-InSPIRE project (Integrated Sustainable Pan-European Infrastructure for Researchers in Europe) started on 1 May 2010, co-funded by the European Commission for four years, as a collaborative effort involving more than 50 institutions in over 40 countries. Its mission is the development of pan-European grid infrastructure in the framework of European Grid Initiative (EGI). EGI-InSPIRE aim to join together the Distributed Computing Infrastructures (DCIs) such as grid and clouds, useful for users within the European Research Area.

4. **SEERA-EI 2009-20111 www.seera-ei.eu/**

The project is developed for the region of South Eastern Europe with objective studying the policies and strategies of developing e-infrastructure and regional cooperation in Southeastern Europe, promoting this cooperation, and developing recommendations for their harmonization in the regional-scale aiming integration in the European Research area (ERA) in collaboration with the Ministry of Education and Science.

5. **IDEALIST2011 2011-2014 http://www.ideal-ist.net/**

The project aims at promoting participation in FP7 through the circulation of information on the project proposals and requirements for partner by the initiators of the project proposals. In its framework, a mailing list with Albanian experts in the field of ICT is

maintained.

**Проф. д-р Илија Нинка**

1. WINS-ICT "*Western Balkan Countries Inco-Net Support in the field of ICT*" is an initiative funded by the EC 7th Framework Programme for Research and Technological Development under the ICT theme of the Cooperation Programme

2. ELISAA is based on a multilateral partnership between Institutions, Albanian and European Universities (AEUs), Umbrella organizations for creating wider links between Albanian SMEs and the academic institutions.

3. SCORE aims to contribute to the shaping of EU ICT research policy in the region, in a way that meets the interests and actual needs of regional ICT stakeholders. The main contribution of the SCORE project will be the development of ICT Strategic Research Agendas for the participating Western Balkan countries (Albania, Bosnia-Herzegovina, Former Yugoslav Republic of Macedonia and Serbia) and a Policy Paper with "Recommendations for shaping EU scientific co-operation with the Western Balkan Region in the field of ICT research: 2007-2013" that will enable EU RTD policy-makers to define realistic research policies and agendas for the region. The SCORE project commenced on 1 February 2007 and its duration is two years.

**Проф. д-р Гудар Бќирај**

1. FP7 - bundles all research-related EU initiatives together under a common roof playing a crucial role in reaching the goals of growth, competitiveness and employment.
2. COST - COST is an intergovernmental framework for European Cooperation in Science and Technology, allowing the coordination of nationally-funded research on a European level.
3. EUREKA - is more than an organization, it is an ambition: to become the leading platform for R&D-performing entrepreneurs in Europe and beyond.
4. Експерт за евалуација на проекти – Програма COPERNICUS

**Проф. д-р Козета Севрани**

1. **Project in "Capacity Building in Public Accounting in Albania, Croatia and Slovenia (CBPIA). The project intends to develop capacity in public sector financial management and accountancy through professional training program. (Мај 2005-се уште трае)**

**Tutoring assignments:**

- **Providing training in public finance**
- **HRD, training and capacity building.**
- motivate students and help them to fulfil their potential
- discuses with students
- organize and conduct 6 consultation sessions (2 hours each)
- assess interim test
- provide students with constructive written and oral feedback
- provide feedback to the CEF on students progress
- supervise and score the final exam

2. Project “Water Supply and Sewage of Burrel” of the Ministry of Territory Adjustment and Tourism, from Norwegian Ministry of Foreign Affairs. (2003 до денес)

- Preparation of the **socio-economic survey**
- Preparing full specification for computer and IT equipment.

Offering **specific technical training** of Enterprise staff, that will enable staff to undertake their duties in public sector. (Декември 2002 до денес)

3. Socio-economic surveys and data analysis in different project, **IT expert** of company, and **training staff.**
4. Project on “Sensibilization of Albanian Legal Community against Corruption in Justice System”, founded by World Bank Project, April 2002 **Data survey and analysis** under a study of 1000 questionnaires spread between three levels of law: prosecutors, advocates, lawyers of public administration, students of magistracy school and faculty of lawyers (jurisprudence):

**Проф. Д-р Лигор Никола**

1. **Data survey and analysis** under a study of 1000 questionnaires spread between three levels of law: prosecutors, advocates, lawyers of public administration, students of magistracy school and faculty of lawyers (jurisprudence):
2. The organization of the conference related to these topics. motivate students and help them to fulfil their potential discuses with students organize and conduct 6 consultation sessions (2 hours each) assess interim test provide students with constructive written and oral feedback provide feedback to the CEF on students progress supervise and score the final exam.
3. Project on “Sensibilization of Albanian Legal Community against Corruption in Justice System”, founded by World Bank Project, April 2002

**4. Проект - „*Трската е живот !!! Не уништувај живот“, 2018***

Во рамките на Институтот за економски развој и еколошки менаџмент во тек е реализација на Проектот „***Трската е живот !!! Не уништувај живот“***, во соработка и со поддршка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Имено, палењето на трската е повеќегодишна лоша појава која никако да престане да се практикува. Крај самиот браг на Охридското Езеро се пали водната трска со што се

уништува биодиверзитетот и природните живеалишта на птиците и рибите. Дури и на денот кога е предвидено чистење на крајбрежјето на езерото граѓаните во Струга се сведоци на повеќегодишно палење на трската на брегот од езерото, освен што се уништува трската се фрла и градежен шут и се оградува простор за сопствена плажа. Надлежните институции не превземаат мерки,моменталната состојба е критична, неколку видови птици исчезнуваат особено од страна на струшкиот дел на езерото. Палењето и уништувањето на трската во крајбрежниот појас на Охридското Езеро предизвикува сериозни негативни па дури и катастрофални последици врз животинскиот свет и уништувањето на флората и фауната. Поради тоа Институтот за Економски развој и еколошки менаџмент во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга се пријави на конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина со Проектот „***Трската е живот !!! Не уништувај живот***" и на ден 30.05.2018 година склучи договор со Министерството за животна средина и просторно планирање со број 08-3461/1 за доделување средства. Вкупната вредност на проектот е 952.000,00 денари.

Учество во проектот зедоа следните наставници:

- Проф. д-р Армен Кадриу
- Доц. д-р Еди Ќела
- Проф. д-р Флорида Вељаноска
- Доц. д-р Јетон Шаќири
- Доц. д-р Назмије Мерко Забзун

## 24. НАУЧНИОТ НАЗИВ СО КОЈ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски предвидени со студиската програма по Криминалистика и детективи за добивање високо образование, во втор циклус студии, добива диплома со којашто се потврдува дека тој/таа успешно ја завршил/а оваа студиска програма и се стекнува со академски назив **Магистер по правни науки од областа на Криминалистика и детективи,** Согласно Националната рамка за високообразовните квалификации, студентот се стекнува со **VII А** степен на образование. Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик научниот назив по завршувањето на вториот циклус студии е **master, Master of Science** (**MSc)**, односно **МАГИСТЕР ПО ПРАВНИ НАУКИ од областа на криминалистика и детективи, MASTER OF LAW SCIENCES in the field of Criminalistics and Detectives.**

## 25. ОБЕЗБЕДЕНА МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

Меѓународниот Универзитет во Струга (МУС) интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка преку склучување на нови договори за академска соработка, како и преку продлабочување на соработката со веќе постоечките партнер-универзитети.

**Мобилноста на наставниците и студентите** се остварува преку Еразмус + програмата, но и преку договорите за билатерална академска соработка, кои Меѓународниот

Универзитет во Струга ги има склучено со универзитети од различни земји во светот. Преку проектот ERASMUS + Меѓународниот Универзитет во Струга досега има испратено на студентска размена десетици студенти и многубројни наставници. Мобилноста исто така се остварува и преку договорите за билатерална академска соработка.
Преку новиот добиен проект Еразмус + активен од 2021 година со бр. на договор 2021-1-MK01-KA131-HED-000005460 на Меѓународниот Универзитет во Струга престојуваа наставници и членови на академски кадар од еминентни европски универзитети. Меѓународниот Универзитет во Струга го посетија голем број на членови на академски и административен кадар од врвни европски универзитети. Истовремено, веќе се склучени дополнителни договори наставници кои во текот на наредните неколку месеци ќе ја реализираат својата мобилност на Меѓународниот Универзитет во Струга. Покрај академски и административен кадар, МУС преку програмата Еразмус + има примено и студенти, кои во моментот ја реализираат својата мобилност на Меѓународниот Универзитет во Струга. Покрај преку Еразмус + програмата, Меѓународниот Универзитет во Струга прима наставен кадар и студенти на размена и преку билатералните договори за академска соработка. Предавања на Меѓународниот Универзитет имаат одржано наставници од реномирани Европски и светски универзитети (Универзитетот Рома ди Сапиенца, Универзитетот од Сзегед, Британскиот институт за технологија, Florida Southern College, и други). Голема меѓународна активност со поддршка на универзитетот, покажуваат и студентските организации кои функционираат во рамките на МУС, преку организација на **студентски конференции, твининг проекти и различни типови на студентска и научно истражувачка размена.**

## 26. АКТИВНОСТИ И МЕХАНИЗМИ ПРЕКУ КОИ СЕ РАЗВИВА И СЕ ОДРЖУВА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

### 26.1. Методи за предавања на студиите

Студиската програма од втор циклус на студии по Криминалистика и детективи се реализира како редовни студии со следните форми на настава: предавања, аудиториски, семинари и конференции.
Оптоварувањето на студентите се реализира преку посебни облици на активности, како индивидуална истражувачка работа и презентации на резултатите преку извештаи на докторски семинари и конференции. Внимание се посветува на индивидуалната работа со студентите во вид на менторска работа и консултации. Обемот и организирњето на студиите се врши во согласност со Законот за високо образование на РМ и Правилникот за единствениот кредит систем на Универзитетот согласно ЕКТС методологијата, односно вкупното оптоварување на студентите се изразува преку обемот од 60 кредити годишно, по 30 часа работен ангажман по кредит, што е еднакво со 1800 часа годишно оптоварување.

### 26.2. Методи за проверка на знаења

Проверката на знаење се врши преку континуирано оценување или преку завршен испит. Во предметните програми кои се приложени за секој предмет поединечно е утврден начинот на проверка на знаењата и соодносот на вреднување на активностите за континуирано оценување односно дефинирани се бодовите кои ги обезбедува студентот

со реализација на поединечни активности дефинирани во предметната програма. Конечната оценка се формира на основа на вкупниот број бодови од континуираното или завршното оценување кои студентот ги освоил, при што максималниот број на можни освоени бодови е 100.
Оценувањето се врши согласно Законот за високо образование на РМ со примена на нумерички систем за оценување. Студентот ја совладува студиската програма преку полагање испити со што остварува одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со структурата на студиската програма.

### 26.3. Активности и механизми за развивање и одржување на квалитетот на наставата на студиската програма

Во рамките на студиската програма од втор циклус на студии по Криминалистика и детективи, за развивање и орджување на квалитетот и контрола на квалитетот, се спроведуваат методите на континуирана евалуација, самоевалуација и системот за оценување на квалитетот на наставниот кадар во согласност со одредбите од Законот за високото образование на РМ како и во согласност со веќе воспоставените механизми за евалуација во рамките на МУС. Обезбедувањето и одржувањето на квалитет и контрола на квалитетот на оваа студиска програма се спроведуваат во согласност со активности и механизми кои се спроведуваат за сите студиски програми и се однесуваат на сите учесници во наставниот процес на Факултетот за правни науки. Наведените активности и механизми на самоевалуација се однесуваат на:

- развојот на наставните содржини,
-  реализација на наставниот процес,
-  оценувањето на студентите,
-  изработката на семинарски трудови,
-  оценка на квалитетот на наставата од страна на студентите со анкети на крајот од секој семестар за секој предмет,
-  оценка на квалитетот на студиската програма од страна на студентите при доделување на дипломата и други процедури кои се однесуваат на ресурсите и логистиката на анставниот процес.

Евалуацијата од страна на студентите на секој предмет, како и за студиската програма воопшто, се реалзира постојано и истата се зема во предвид при евалуацијата и развојот на студиските програми на Факултетот за Правни науки.

## 26а. РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА СОГЛАСНО УПАТСТВОТО ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ОСНОВИ НА ЕВАЛУАЦИЈАТА И ЕВАЛУАЦИОНИТЕ ПОСТАПКИ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ

Спроведена беше самоевалуација во периодот од 2019-2022 на Меѓународниот Универзитет во Струга за работата на Универзитетот во академските години 2019/20, 2020/21 и 2021/22. Извештајот за самоевалуација, како и како и предлозите за подобрување и унапредување на одредени состојби во работата на Универзитетот, беше прифатен од страна на Универзитетскиот Сенат со одлука бр. 02-469/3 од 31.10.2022 година.

Резултатите од спроведената самоевалуација се дадени во прилог на овој Елаборат.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02-469/3
31.10. 2022 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Врз основа на член 87 став 1 и член 88 од Законот за Општа Управна Постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124 од 23.07.2015 година), како и врз основа на член 55 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр.82/2018) и членовите 255 и 256 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга, на седницата одржана на 31.10.2022 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за самоевалуација на работата на Меѓународниот Универзитет во Струга**

**Образложение**

Согласно одредбите за Законот за високо образование и одредбите на Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга, на својата седница го разгледа Извештајот за самоевалуација на работата на Меѓународниот Универзитет во Струга, поднесен од страна на Комисијата за самоевалуација при МУС формирана на 26.09.2022 со одлука бр. 02-430/2 и едногласно ја прифати оцената за состојбата, како и предлозите за подобрување и унапредување на одредени состојби во работата на Универзитетот. Извештајот за самоевалуација беше направен работата на Универзитетот во академските години 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022.

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на истата, до Сенатот на Универзитетот.

Струга, 31.10.2022

**Претседател на Сенат**

**Проф. Д-р Емин Усеини**

## ПРИЛОГ БР. 1  ФИНАНСИСКА ГАРАНЦИЈА

**(ИЗВОД)**

**ОДУ бр.248/13**

**Република Македонија**
**Н О Т А Р**
**Сашо Ѓурчиноски**
**За подрачјето на Основниот суд во Струга**
**ул. "Маршал Тито" број 52 Струга**

**16.04.2013 година**
**(шеснаесетти април двеилјадиитринаесетта година)**
**13:15 часот**

# НОТАРСКИ АКТ

Јас, **НОТАР Сашо Ѓурчиноски** за подрачјето на Основниот суд во Струга на улица "Маршал Тито" број 52, потврдувам дека денес, шеснаесетти април двеилјадиитринаесетта година, во мојата нотарска канцеларија пристапија договарачите:--------------------------------------------------------------------------------
**1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА Скопје,** со седиште во Скопје Центар ул. "Св. Кирил и Методиј" бр. 54, со ЕМБС 4116704, **претставувано од Министерот М-р Панче Кралев, преку овластено лице Заменик на Министерот за образование и наука Сафет Незири,** родена на ден 01.06.1971 година во Скопје, со постојано место на живење во Струга улица "Срећко Пужалка" број 81Б, чиј идентитет го утврдив од увидот во лична карта број G0260669 издадена од МВР Скопје, и ЕМБГ 0106971450110 - во натамошниот текст како **заложен доверител,**-------------
**2.МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ во Струга,** со седиште во Струга ул. "Езерски лозја" бр. 1 со ЕМБС 6484018, **преставувано од Председателот на Управен одбор Армен Кадриу,** роден на ден 21.02.1978 година во Струга, со живеалиште во Струга улица "ЈНА" број 91, чиј идентитет го утврдив од лична карта број G0024257 издадена од МВР Струга, со ЕМБГ 2102978434007, - во натамошниот текст како **должник и заложен должник.**--------------------------------------------------------------------------------
И побараа од мене во форма на нотарски акт да им составам Договор за залог - хипотека врз недвижен имот, со кој се обезбедува парично побарување во износ од 34.485.987,00 денари, кое произлегува од исполнување на обврска на должникот и заложниот должник согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13), со засновање на залог - хипотека врз недвижен имот, сопственост на заложниот должник и тоа: Недвижен имот по Имотен лист број 4899 за К.О. Мислешево, опишан во лист "Б" како: К.П. бр. 2058, викано место "Езерски лозја", култура 11000, класа 4, во површина од 401 мкв, право 831, К.П. бр. 2059, дел 1, викано место "Езерски лозја", култура дм, површина од 256 мкв, сопственост и К.П. бр. 2059, дел 1, викано место "Езерски лозја", култура зпз 1, површина од 276 мкв, сопственост и опишан во лист "В" како: К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зрада

ДП, внатрешна површина 238 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина 344 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 9 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 10 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 2, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 11 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зрада СТ, внатрешна површина 277 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел од зрада СТ, внатрешна површина 279 мкв, сопственост и К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 2, намена на посебен дел од зрада СТ, внатрешна површина 284 мкв, сопственост, со прирастоци и припадоци сега и во иднина.------------------------

Договорните страни за потребите на составувањето на овој нотарски акт ми предочија и: Овластување издадено од Министерот за образование и наука м-р Панче Кралев заведено под број 07-8019/1 од 10.04.2013 година, предочено како спис "А"; Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Р.Македонија, во електронска форма од 26.02.2013 година, предочена како спис "Б"; Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Р.Македонија број 0805-09/618 од 16.04.2013 година, предочена како спис "В"; Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Р.Македонија број 0805-09/619 од 16.04.2013 година, предочена како спис "Г"; Одлука за засновање на залог од 16.04.2013 година, предочена како спис "Д"; Одлука за засновање на залог од 16.04.2013 година, предочена како спис "Ѓ"; Имотен лист број 4899 за К.О. Струга, издаден од Агенција за катастар на недвижности на Р.Македонија Одделение за катастар на недвижности - Струга, бр. 1105-3360/2013 од 16.04.2013 година, предочен како спис "Е", Потврда за отворена стечајна постапка Бр. 0806-10/88 од 16.04.2013 година издадена од Централен регистар на Р.Македонија, предочена како спис "Ж" и Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот Бр. 10/2012 од 17.12.2012 година изработена од Друштво а производство трговија и услуги Проценка ДООЕЛ Охрид, предочено како спис "З".------------------------------------

Откако се уверив дека договорувачите се овластени и способни за превземање на оваа правна работа, им ја објаснив целта и последиците од овој нотарски акт, се уверив во нивната вистинска и сериозна волја и дека располагањата во врска со оваа правна работа не се во спротивност на принудните прописи, па по кажување на учесниците-договорувачи, врз основа на член 3, 36, 43, 44 и член 55 од Законот за Нотаријатот во согласност со Законот за договорен залог, го составив следниот:---------------

------------------------------------------------------------------------------------------------

## ------------------------------------ДОГОВОР ЗА ЗАЛОГ---------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.**Заложниот доверител и должникот и заложниот должник утврдуват парично побарување во износ од 34.485.987,00 денари (триесет и четири милиони четрсто осумдесет и пет илјади и деветстотини осумдесет и седум

денари) во корист на заложниот доверител, кое парично побарување произлегува од исполнување на обврска на должникот и заложниот должник согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13) во делот на обезбедување на услови за основање на високообразовна установа како и обезбедување на финансиска гаранција дека ќе се надоместат средтсвата кои студентите ги уплатиле на Меѓународниот универзитет во Струга кој би престанал со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлање на студии на иста или слична високообразовна установа во семјата.-----------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------

2.Побарувањето на заложниот доверител кое произлегува од исполнување на обврска на должникот и заложниот должник согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование, пристигнува за наплата со денот на констатирање од страна на заложниот доверител дека не се испочитувани условите за основање на високообразовна установа од страна на должникот и заложниот должник и активирање на финансиска гаранција дека ќе се надоместат средтсвата кои студентите ги уплатиле на Меѓународниот универзитет во Струга кој би престанал со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлање на студии на иста или слична високообразовна установа во земјата, а согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование.----------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------

3.Заложниот должник е исклучив и единствен сопственик на недвижен имот опишан како: **Недвижен имот по Имотен лист број 4899 за К.О. Мислешево, опишан во лист "Б" како: К.П. бр. 2058, викано место "Езерски лозја", култура 11000, класа 4, во површина од 401 мкв, право 831, К.П. бр. 2059, дел 1, викано место "Езерски лозја", култура дм, површина од 256 мкв, сопственост и К.П. бр. 2059, дел 1, викано место "Езерски лозја", култура зпз 1, површина од 276 мкв, сопственост и опишан во лист "В" како: К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зрада ДП, внатрешна површина 238 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина 344 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 9 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 10 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 2, намена на посебен дел од зрада ПП, внатрешна површина 11 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зрада СТ, внатрешна површина 277 мкв, сопственост, К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел од зрада СТ, внатрешна површина 279 мкв, сопственост и К.П.бр. 2059, дел 1, адреса "Езерски лозја", број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 2, намена на посебен дел**

од зграда СТ, внатрешна површина 284 мкв, сопственост, со прирастоци и припадоци сега и во иднина.------------------------------------------

4.Со овој Договор за залог, заложниот доверител и должникот и заложниот должник, изрично изјавуваат дека се согласни **ДА СЕ ЗАСНОВА ЗАЛОГ,** врз недвижниот имот подробно опишан како во точка 3 од овој Договор, а заради обезбедување на паричното побарување на заложниот доверител, кое парично побарување произлегува од исполнување на обврската на должникот и заложниот должник согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование.-----------------------

Максималниот износ на побарувањето кое се обезбедува, претставува збир од главното побарување (во износ од 34.485.987,00 денари), зголемено за износот на споредните побарувања: редовна камата и сите трошоци, казнената камата (законска и договорна), провизии, даноци, вклучуваќи ги но не ограничувајќи се на сите трошоци што би можеле да произлезат во евентуална постапка, за присилна наплата (судска и извршна) односно постапка за реализација на заложно право, а кои трошоци се предвидени со тарифата на овластени субјекти за спроведување на таквата постапка со сите измени и дополнувања за целото времетраење на овој Договор, како и сите останати побарувања кои ќе произлезат помеѓу заложниот доверител и должникот и заложниот должник во врска со обврските на должникот и заложниот должник согласно со Законот за високо образование.-------------------------------------------

5.Заложниот доверител и должникот и заложниот должник, ја определуваат вредноста на предметот на залог опишан во точка 3 (три) од овој Договор составен во форма на Нотарски акт, на износ од 34.485.987,00 денари (триесет и четири милиони четрсто осумдесет и пет илјади и деветстотини осумдесет и седум денари), а согласно со Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот Бр. 10/2012 од 17.12.2012 година изработена од Друштво а производство трговија и услуги Проценка ДООЕЛ Охрид, предочено како спис "Ж".---------------------------------

6.(clausula intabulandi) - Со овој Договор Должникот и Заложниот должник изречно изјавуваат дека се согласуваат, заради обезбедување на побарувањето на заложниот доверител кое произлегува од исполнување на обврска на должникот и заложниот должник согласно со член 27 и член 29 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13), заложниот доверител, да може непосредно врз основа на овој Договор за залог, да бара да се изврши запишување на неговото заложно право - хипотека, врз предметот на залог, опишан како во точка 3 од овој договор, во јавната книга, согласно со позитивните законски прописи, со истовремено запишување на извршливоста на побарувањето, како и тоа дека востановениот залог има дејство и спрема секое трето лице кое евентуално ќе се стекне со право на сопственост врз предметот на залог.--

7.Заложниот доверител, должникот и заложниот должник, со потпишувањето на овој Договор за залог, изречно изјавуваат дека се согласуваат заложниот доверител непосредно врз основа на овој Договор да може да бара присилно извршување заради наплата на обезбеденото побарување со овој Договор, и тоа врз предметот на залог,

подробно опишан во точка 3 од овој Договор за залог, а заради наплата на обезбеденото побарување подробно опишано во точка 1 од овој Договор, доколку истото не биде исплатено или останало делумно неисплатено на денот на пристигнувањето на побарувањето.------------------------------------------

Заложниот должник и должникот изречно изјавуваат дека се согласни, заради реализација на заложното право, а по пристигнувањето на побарувањето, да може врз основа на овој договор да се спроведе присилно извршување заради одземање и предавање на заложениот предмет на залог (односно испразнување и предавање на наедвижноста), а на барање на заложниот доверител или купувачот на заложената ствар (недвижност).------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------

8.Со овој Договор заложниот должник и должникот се обврзуваат да го користат предметот на залог со внимание на добар домаќин односно добар стопанственик, и се обврзуваат заложениот недвижен имот да го осигураат кај осигурително друштво до конечното намирување и исплата на обврските спрема заложниот доверител кои произлегуваат од цитираниот договор во точка 1 од овој договор, и сите права од полисата за осигурување да ги винкулира во корист на заложниот доверител и полисата му ја предадат на заложниот доверител.---------------------------------------

Со овој Договор заложниот должник и должникот се согласуваат без посебно одобрение на заложниот доверител да не превземаат никакви правни и физички дејствија од кои би произлегле промени во смисла на намалување на пазарната вредност на предметот на залог, или на друг начин да ја влошуваат неговата состојба, и се обврзуваат да му дозволат на заложниот доверител или лице овластено од него да врши надгледување на состојбата во која се наоѓа предметот на залог, и изречно изјавуваат дека се согласни за таа цел непосредно врз основа на овој договор да се спроведе извршување.-----------------------------------------------------

Заложниот должник и должникот со овој договор се обврзуваат до целосно исполнување на своите парични обврски кон заложниот доверител произлезени од цитираните договори во член 1 од овој Договор, да не го оттуѓуваат и заложнуваат, и да не го даваат под закуп предметот на залог, без постоење на писмена согласност дадена од заложниот доверител, за истото.------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------

9.Со овој договор заложниот должник и должникот изречно се согласуваат, доколку превземат правни или фактички дејствија без посебно писмено одобрение - согласност на заложниот доверител и врз основа на тие дејства дојде до промени на предметот на залогот, во смисла на намалување на неговата пазарна вредност, побарувањето на заложниот доверител кое е подробно опишано во точка 1 од овој договор се смета за пристигнато, и заложниот доверител да може непосредно врз основа на овој договор да бара присилно извршување врз предметот на залог, и пред рокот на пристигнувањето, а заради наплата на целокупното негово побарување подробно опишано во точка 1 на овој договор, со камата и трошоци, како и да ги користи другите права утврдени со закон, непосредно врз основа на овој договор.-----------------------------------------------

Истовремено, заложниот должник и должникот изречно се согласуваат, доколку по истекот на рокот на пристигнувањето должникот не ја исполни својата обврска, а реализацијата на заложното право се уште не е започната, да се грижи за заштита на предметот на залог врз кој е

засновано заложно право, од намалување на неговата вредност, а доколку тоа не го прави, изречно се согласуваат непосредно врз основа на овој Договор предметот на залог да премине во владение на заложниот доверител, доколку заложниот доверител тоа го бара, за која цел непосредно врз основа на овој договор да се спроведе присилно извршување.---------------------------------------------------------------------------------

**10.**Доколку се покаже дека предметот на залог има некој правен или матерјален недостаток, или по склучувањето на договорот за залог му биде намалена вредноста од било која причина, па не преставува доволно обезбедување за наплата на побарувањето на заложниот доверител, на барање на заложниот доверител, заложниот должник и должникот се должни во разумен рок да го ослободат предметот на залог од соодветниот недостаток, во спротивно имаат обврска во рокот што ќе им го определи заложниот доверител да допушти запишување на право на залог врз друг соодветен предмет на залог, кој нема правен или матерјален недостаток.---------------------------------------------------
Заложниот должник изречно изјавува дека е согласен, доколку недостатокот не биде остранет или предметот на залог не биде заменет со друг предмет без недостаток, заложниот доверител да може непосредно врз основа на овој договор да бара од надлежен орган кој го спроведува извршувањето да им наложи на заложниот должник и должниците остранување на недостатокот или заменување на предметот на залог со друг предмет без недостатоци.---------------------------------------------------------

**11.**Со овој Договор, заложниот должник и должникот изречно изјавуваат дека се согласни непосредно врз основа на овој Договор за залог, заложниот доверител да има право во случај на доцнење со исполнувањето на обврските од страна на должниците, да може да превземе заштитни мерки во однос на предметот на залог, со цел да се зачува, одржи или зголеми продажната вредност на предметот на залог, со тоа што заложниот доверител врз основа на вложените сретства за таа цел не се стекнува со сопственост врз предметот на залог.----------------------

**12.**Со овој договор заложниот должник и должникот изречно изјавуваат дека се согласуваат, непосредно врз основа на овој Договор за залог, заложниот доверител да има право во случај на доцнење со исполнувањето на обврските од страна на должникот, со цел да се зачува, да се одржи или продаде предметот на залог, да може да го земе во владение предметот на залог, или на негов предлог судот да определи администратор кој ќе се грижи за заложениот предмет до конечната реализација на залогот, за кое нешто заложниот должник изрично изјавува дека е согласен да може да се спроведе присилно извршување непосредно врз основа на овој Договор за залог.------------------------------------

**13.**Заложниот доверител, должникот и заложниот должник изречно изјавуваат дека се согласни реализацијата на залогот да се врши според одредбите од Законот за договорен залог, Законот за извршување или друг закон.---------------------------------------------------------------------------------------
Доколку дојде до постапка на реализација на залогот, заложниот должник се обврзува да ги превземе сите дејствија за да овозможи разгледување на предметот на залог, со цел за негова продажба, а во спротивно му

одговараат на заложниот доверител за штетата која тој ќе ја претрпи ако не се продаде предметот на залог, и изречно изјавуваат дека се согласни заложниот доверител непосредно врз основа на овој Договор за залог, да може да бара од надлежен орган да определи присилно извршување заради превземање на дејствија на разгледување на предметот на залог од страна на заинтересирани лица за негово купување, и други потребни дејствија заради продажба на предметот на залог.-----------------------------------

14.Заложниот должник и должникот изречно изјавуваат дека се согласни, заради реализација на залогот, а по пристигнувањето на побарувањето, да може непосредно врз основа на овој Договор да се спроведе присилно извршување заради иселување и одземање на владението врз предметната недвижност, а на барање на заложниот доверител или купувачот на заложената недвижност.-----------------------------------

15.Заложниот должник, изјавува под полна морална, материјална и кривична одговорност дека предметот на залог е негова исклучива сопственост, дека врз истиот не постојат други засновани залози - хипотека, лични и стварни товари, дека со заклучувањето на овој договор не се повредуваат права на трети лица, како и дека без писмена согласност нема да го оттуѓува и заложува предметот на залогот, а заложниот доверител изјавува дека е запознат и согласен со изјавата на заложниот должник.-----------------------------------

16.Заложниот доверител, должникот и заложниот должник, изречно изјавуваат дека овој договор има својство на извршна исправа, и дека е извршлив по пристигањето на обврските на должниците.-----------------------------------

17.Заложниот доверител и должникот и заложниот должник се согласни сите трошоци настанати во врска Договорот за залог, да паднат на товар на должникот и заложниот должник.-----------------------------------

18.Договорните страни се согласни доставувањето на сите писмена во врска со овој Договор, Законот за договорен залог и Законот за извршната постапка, да се смета за полноважно доколку биде извршено по пошта со препорачана пратка на следните адреси:-----------------------------------

За заложниот доверител на адреса: Скопје Центар ул. "Св. Кирил и Методиј" бр. 54, а За должникот и заложниот должник на адреса: Струга ул. "Езерски лозја" бр. 1.-----------------------------------

Договорните страни се согласни, доколку го променат живеалиштето односно седиштето, или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, за промената на живеалиштето односно седиштето, односно за адресата на своето престојувалиште, во рок од три дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка другата договорна страна, и Нотар Сашо Ѓурчиноски – Струга, ул."Маршал Тито" број 52, со посебно писмено известие во кое точно би се навела адресата на променетото живеалиште односно седиште како и престојувалиште, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во овој договор, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.-----------------------------------

**19.**Договорните страни изрично изјавуваат дека приложената писмена документација кон овој нотарски акт е правно валидна и дека истата до моментот на составување на овој нотарски акт нема трпено никаква промена.----------------------------------------------------------------------------------

**20.**Должникот и заложниот должник, во согласност со заложниот доверител, поради економичност на постапката, согласно со член 81 став 2 од Законот за нотаријатот, бараат во нивниот извод да не се приклучуваат прилозите кон овој нотарски акт, кое нешто да се прибележи на издадениот извод.----------------------------------------------------------------------------------

**21.**Договорните страни изрично изјавуваат дека го овластуваат Нотарот доколку при составувањето на овој акт се јават било какви технички и јазични грешки, да може сам во новно отсуство да направи исправка на актот.----------------------------------------------------------------------------------

На договорувачите лично им го прочитав овој нотарски акт и прилозите кон овој истиот спис "А", "Б", "В", "Г", "Д", "Ѓ", "Е", "Ж" и спис "З" и со непосредни прашања се уверив дека содржината на овој нотарски акт одговара на нивната вистинска волја, па во знак на прифаќање своерачно го потпишуваат.----------------------------------------------------------------------
Овој нотарски акт лично го составив и истиот е составен на осум страници од осум листа. На заложниот доверител, должниците и заложните должници, како договорни странки во постапката им е издаден по еден извод од нотарскиот акт, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.-------
Согласно со член 77 од Законот за нотаријатот на договорните странки им се издава еден извод за укнижување на заснованиот залог, во јавната книга која се води при Агенција за катастар на недвижности на Р.Македонија - Одделение за катастар на недвижности - Струга, при што договорните страни изјавуваат дека се запознати со одредбата од член 17 став од Законот за договорен залог.--------------------------------------------------------
ДОГОВОРНИ СТРАНИ:----------------------------------------------------------------------
**Заложен доверител: МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ------**
**-------------------------------Скопје, претставувано од Министерот М-р Панче---**
**-------------------------------Кралев, преку овластено лице Заменик на------------**
**------------------------Министерот за образование и наука Сафет Незири с.р.-**

**Должник и заложен должник: МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ во---------**
**---------------------------------------------Струга, преставувано од Председателот**
**---------------------------------------------на управен одбор Армен Кадриу с.р.------**

Нотарска такса по тарифен број 28 од Законот за судските такси и член 144 точка 4 од Законот за нотаријатот, во износ од 500,00 денари е наплатена и поништена на изворникот кој останува за архивирање.-----------
Нотарска награда по член 11 и 55 од Нотарската тарифа донесена од страна на Министерот за правда на Република Македонија (Службен Весник на Р.Македонија бр. 108/12), е пресметана во износ од 60.000,00 денари и трошоци 1 080,00 денари.-----------------------------------------------------

Број: ОДУ.бр. 248/13----------------------------------------------------------------------------------------
Во Струга, 16.04.2013 година – шеснаесетти април двеилјадиитринаесетта година.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**Сашо Ѓурчиноски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
САШО
ЃУРЧИНОСКИ
СТРУГА

Јас, **НОТАР, САШО ЃУРЧИНОСКИ** за подрачјето на **Основниот суд во Струга,**
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод во извадок, кон кого не се приложени преписи од прилогот на нотарскиот акт.

**Број: ОДУ бр.248/13**
**Во Струга, 16.04.2013 година**

**Н О Т А Р**
**Сашо Ѓурчиноски**

**Забелешка:Согласно член 81 став 2 од Законот на Нотаријатот, овој извод нема својство на извршна исправа.**

Јас, НОТАР Беса Кадриу
за подрачјето на Основниот суд Струга

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Нотарски акт договор за залог ОДУ број 248/13 од 16.04.2013 издаден од нотар Сашо Ѓурчиноски Струга.

Напишан е со други механички средства (фотокопија) , кој има 10 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Баута Фатљум Велешта, Струга .

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 250 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари и Трошоци 30 денари.

Број УЗП 4601/2022

Во Струга 14.11.2022

НОТАР

Беса Кадриу

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
БЕСА
КАДРИУ
СТРУГА

ПРИЛОГ БР. 2  ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА (2019-2022)

# МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

# КУМУЛАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР ЗА АКАДЕМСКИ ГОДИНИ 2019-2022

**Кумулативен извештај**

Анализата на кумулативниот извештај преставува финална оценка на самоевалуација на академскиот кадар за академски период од 2019-2022. За анализа на податоците се користи Дескриптивна Статистика, каде што кумулативно за 3 академски години ќе се претстави вкупниот просек на кадарот (80% од академскиот кадар), односно за академските години 2019/20, 2020/21 и 2021/22

Критериуми за оценување

| **Просек** | **Опис** |
|---|---|
| 1 – 3 | Негативен – Професорот/асистентот не демонстрира добри вештини при предавања на предметот |
| 3.1 – 3.5 | Неутрален - Професорот/асистентот демонстрира добри вештини при предавања на предметот, но има простор за подобар развој |
| > 3.6 | Позивитно - Професорот/асистентот демонстрира добри вештини при предавања на предметот |

